РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот -------------- на 21.09.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26- тата седница одржана на 7 февруари 2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата поднесена од подносителот -------------------- на 21.09.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-4425/1 од 21.09.2019 година, во која се изразува незадоволство од донесените одлуки во судската постапка што се води пред Основниот суд –Штип, поведена по тужба на тужителот/подносителот на пријавата против тужениот Приватна здравствена установа-ординација по општа медицина ---------------------- поради неисплатени надоместоци од работен однос (надомест за неискористен годишен одмор надомест по основ на испратнина поради престанок на договорот од деловни причини), **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-4425/1 од 21.09.2019 година.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-4425/1 од 21.09.2019година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител --------------------.

Во пријавата се незадоволство од донесените одлуки во судската постапка што се води пред Основниот суд–Штип, поведена по тужба на тужителот/подносителот на пријавата против тужениот Приватна здравствена установа- ординација по општа медицина ---------------------- поради неисплатени надоместоци од работен однос (надомест за неискористен годишен одмор надомест по основ на испратнина поради престанок на договорот од деловни причини).


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

По разгледување на наводите содржани во пријавата и доставените прилози, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на сомневање за корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, за што надлежна е да постапува Државната комисија за спречување на корупцијата. Предметната пријава не упатува на сомневање за коруптивно дејствување на службени лица, ниту посочените дејствија можат да се подведат под сомневање за дејствија за кои е надлежна да постапува Државната комисија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на 7 февруари 2020 година по број 12-** 1021 /1

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk